ИЗ981

ПУЛС, 16 октомври 1997 352, 55,

*Изложби*

# Трагањата на Томо Шијак

На 2 октомври оваа година во ликовниот салон на МАНУ беше отворена изложбата на Томо Шијак , еден вид ретроспективно одбележување на петте децении на ликовното творештво на, како што вели академик Старделов, еден од најзначајните живописци во бурните процеси на модернизацијата на ликовните идеи во Македонија. Господин Шијак, од времето на неговата прва изложба во 1947 година па до денес, е во средиштето на македонската повоена ликовна уметност. Овој редок творец ја претставувал нашата ликовна уметност на над 130 самостојни и колективни изложби на повеќе континенти. Така, освен во Македонија и во поранешна Југославија, тој се претставил во најпознатите ликовни центри како што се:Лондон, Париз, Рим, Виена, Будимпешта, Атина, Монтевидео, Сао Паоло и многу други.

Проследувајќи го неговото петдецениско творештво, видливо е влијанието на некои уметнички правци карактеристични за почетокот на овој век, но со субјективна задршка, карактеристична за големите мајс-




тори. Шијаковиот (обемен) ликовен опус го сочинуваат осум големи ликовни циклуси, од импресионизам, преку неговиот геометриски експресионизам и кубизам, до едно сосема ново восприемање на византиската уметност. Како што вели и тој самиот, развива посебна наклоност кон Реноар, Мане, Моне, особено кон делото на Модилјани и мајсторот на „старата школа“ Веласкез.

Неговата уметност не останала незабележана и ненаградена, а тоа своевиден доказ за тоа се многубројните награди и признанија. Круна на неговата долгогодишна работа е меѓународната афирмација, со која се здобива преку презентацијата во „Гранд Палаис“ во Париз(71) и Венацијанското биенале (78 год).

Ликовната поставка во салонот на Македонската академија на науките и уметностие на господин Шијак може да се проследи до 16 овој месец.

**И. Евтимова**